# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## Октомври 2014

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- **Подготовка и организирање на свечени настани на сечење на лента во СОУ „Наум Наумовски Борче“ од општина Крушево и во ОУ „Врапчиште“ од општина Врапчиште.** По повод завршување на процесот на реновирање, општина Крушево и СОУ „Наум Наумовски Борче“, како и општина Врапчиште и ОУ „Врапчиште“ беа домаќини на свечени настани на сечење лента на кои присуствуваа високи претставници од Европската Команда на Американската Војска, претставници од УСАИД, Министер за образование и наука, претставници од истото Министерство, градоначалници, директори, родители, наставници и ученици. На овие настани беа претставени и заедничките ученички активности за меѓуетничка интеграција. Тимот на ПМИО заедно со училиштата и општините организирање подготвителни состаноци.
- **Организирање на два промотивни настани на продуктите од креативните работилници.** Во текот на месец октомври се организираа две финални презентации на продукти кои го одбележаа успешното завршување на спроведените креативни работилници во СОУ „Орде Чопела“ од општина Прилеп и СОУ „Добри Даскалов“ од општина Кавадарци. На презентациите учествуваа родители, наставници, ученици, а исто така беа присутни и имаа свое обраќање директорите, градоначалниците, претставниците од општините и претставници од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Одржани две форум театар дебати со ученици.** Во текот на месец октомври, се организираа форум театар дебати со учениците од СОУ „Орде Чопела“ од општина Прилеп и СОУ „Добри Даскалов“ од општина Кавадарци. Главната цел беше разрешување на дадена ситуација во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието во која се активно учествуваат и се вклучуваат учениците од публиката преку глума.
- **Координативни состаноци со партнер организациите.** ПМИО тимот активно организираше координативни состаноци со партнер организациите МИМ, Мултимедиа и МОФ за организирање и спроведување на претстојните активности, вклучувајќи и заеднички посети на општини и училишта.
- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите на ПМИО.** Дел од активностите во текот на месец октомври опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и прикажни за текот на активностите преку веб-страната на проектот www.pmio.mk. Се подготви и шестото издание на Медиумскиот информатор за ПМИО и се сподели со сите медиуми во Македонија.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Напредна обука за повеќе јазични училишта од пилот Фазата и Фаза 2.** Во текот на овој месец се заврши со реализација на напредни обуки со претставници на тимови за училишна интеграција (СИТ-ови) од 74 училиштата (од вкупно 82) вклучени во пилот Фазата и Фаза 2. Главната цел на обуките беше продлабочување на знаењата и вештините на учесниците за примена на активности за демократска партиципација на ученици и групно одлучување/решавање проблеми и примена на заеднички активности со етнички/јазично мешани групи ученици.
- **Подготовка на втора менторска средба со СИТ-ови за Фаза 3 училишта**. Целта на втората менторска средба е да се обезбеди стручна поддршка на СИТ-ови за успешна реализација и интерен мониторинг/следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието. Предвидено е со менторските средби да бидат опфатени 182 училишта поделени во 30 групи училишта.
- **Подготовка на посети на повеќе јазичните училишта од Фаза 2 и набљудување на заедничките активности.** Целта на набљудувањата на заедничките активности е да се направи согледување за успесите и предизвиците со кои наставниците се соочуваат во практичната реализација на заедничките активности.
- **Подготовка на супервизиски состанок со менторите.** Целта на супервизискиот состанок е оспособување на мастер обучувачите и членовите на тимот за поддршка од партнерските организации Лоја и Сумнал за водење на менторските средби и набљудување на МИО активности при индивидуални посети на училишта.
- **Ревизија на процедура и документи за доделување на мали грантови** за активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Разгледување, дополнување и менување на инструментите (документите и прашалниците) за подготвителната Фаза и Фазата на реализација на интегрална евалуација.** Групата инспектори назначена од ДПИ заедно со државниот советник на Министерот за образование продолжи со работа на измените на документите и прашалниците со содржини кои се однесуваат на меѓуетничката интеграција во образованието. Измените ќе се внесат во Прирачникот за интегрална евалуација.
- **Настан за заеднички спортски и рекреативни активности на ученици во етнички мешани групи.** Овој настан се оддржа на фудбалскиот стадион Борис Трајковски - Маџари, општина Гази Баба и вклучи ученици од пет основни училишта со повеќе наставни јазици: ОУ „Светозар Марковиќ“ - Ст. Нагоричане, ОУ „Алија Авдовиќ“ - Батинци, ОУ „Драга Стојановска“ - Ракотинци, Сопиште, ОУ „Братство Единство“ - Коњари, Петровец, ОУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци, општина Гази Баба.
- **Развивање на нацрт текстови во финални текстови за Прирачникот за МИО** на наставничките факултети од страна на авторите на истиот.
- **Финални активности во уредувањето на Прирачникот за МИО** на наставничките факултети.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Избор на училишни заедници.** Во сите модел училишта по демократски пат е спроведен избор на претседателство на училишните заедници.
- **Обука за ученици претставници на претседателствата на Училишните заедници и наставници координатори по демократска партиципација.** Во текот на овој месец, се оддржаа две обуки. Едната обука се одржа со ученици од сите основни модел училишта, а другата обука се одржа со ученици од двете средни модел училишта. Целта на обуките беше учесниците подобро да се запознаат меѓу себе, да се изгради групна кохезија, учесниците да се запознаат со нивната улога како претставници на претседателствата на училишните заедници и учениците да се поттикнат да преземат училишни иницијативи за промена. Обуките резултираа со четири конкретни акциони планови на ниво на училиште (два за партнер модел училиштата) кои ќе ги реализираат во текот на целата учебна година.
- **Обука за претставници на партнер организациите како и на советниците од БРО за реализирање средби за поддршка.** Две обуки/работни средби се организираа со претставници на партнер организациите, и уште една со советници од Бирото за развој на образованието. На средбите беа претставени активностите кои се очекува да се реализираат во модел училиштата во текот на целата учебна година. Исто така, на самата средба се усвои стратегија на реализирање на средби за поддршка во модел училиштата која предвидува покривање на различни активности од различни партнери.
- **Средби за поддршка.** Пет средби се реализирани од страна на претставници од Центарот за човекови права и разрешување конфликти, претставници од Лоја, претставници од Сумнал (само за основните модел училишта) и советници од БРО. На средбите се разговараше со наставници-реализатори на активности како и претставници на СИТ-овите околу активностите кои почнале да се имплементираат во оваа учебна година.
- **Приредби.** Три приредби се организираа во текот на месец октомври во училиштето „Братство Единство“ од Охрид и две во училиштето „Санде Штерјоски“ од Кичево. Сите приредби се реализирани со повеќе интегрирани точки кои беа подготвени и реализирани од страна на ученици од различни наставни јазици.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Технички прием.** Во три училишта завршија активностите за реновирање, кои беа обврска на ПМИО и беше организиран технички прием.
- **Месечни состаноци.** Одржани се состаноци во 11 училишта од Фаза 2 за следење на процедурите и работата за одржување.
- **Енергетска ефикасност.** Изработен е технички извештај од извршената енергетска контрола на СОУ Ванчо Прке во Виница, општина Виница. Во извештајот се наведени и препораки за какви интервенции се препорачуваат за да се зголеми енергетската ефикасност на училишната зграда.
- **Опрема за одржување на училишни објекти.** Избрани се фирмите од кои ќе се врши набавка на потребниот алат за одржување на училиштата и потпишани се договори со истите.
- **Достава на опрема за одржување на училишни објекти.** За училиштата реновирани во Фаза 3, организирано е складирање, брендирање, пакување и испорака на опремата за одржување на училишните објекти, вклучувајќи и

прирачник за нивна употреба. Доставата ќе се изврши во текот на месец ноември.

- **Обука за технички персонал и секретари од училиштата од Фаза 3.** Во тек е подготовката на материјали за обука за технички персонал и секретари во училиштата од Фаза 3.
- **Учество на општините и училиштата во процесот на реновирање.** Отпочна процесот на документирање на учеството на општините и училиштата од фаза 3, во активностите за реновирање кое треба да го задоволи потребниот минимум од 10% учество.

## Мониторинг и евалуација

- **Мониторинг активности.** Мониторинг на активностите на училиштата во рамки на Компонента 2 од Фаза 2 е во тек. Збирниот извештај од мониторинг и евалуација на Компонента 3 училиштата се финализира.
- **Активности за евалуација.** Анализата и обработката на податоците од пополнетите прашалници за мултикултурните работилници во модел училиштата, за учебните години 2012/13 и 2013/14 е во тек. Зададени се прашалниците за евалуација на мултикултурните работилници во учебната година 2014/2015.
- **Електронското истражување.** Извештајот од електронското истражување реализирано во училиштата од Фаза 1, Фаза 2 и модел училиштата е финализиран.
- **Соработка со МОН за M&E.** Во октомври се учествуваше на презентацијата на активностите на МОН во врска со пилотирање на M&E планот во пилот училиштата избрани во рамките на нивните активности.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

**Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците**

- Свечено сечење лента во ОУ „Ѓорче Петров“ од општина Ѓорче Петров и во СОУ „Гостивар“ од општина Гостивар.
- Организирање на промотивен настан на финални продукти како резултат на креативните работилници спроведени во СОУ „Св. Климент Охридски“ од општина Охрид.
- Организирање на форум театар дебата за учениците од средните училишта од општина Охрид.
- Организирање на три еднодневни работилници за членовите на тимови за училишна интеграција од регионот на Прилеп, Виница и Кавадарци за ефективни јавни презентации во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието.
- Спроведување на неформални средби со уредниците и новинарите, со цел да се информираат за активностите во рамките на проектот и идната соработка.
- Редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку веб-страна на проектот: www.pmio.mk

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- Втора менторска средба со тимови за училишна интеграција за Фаза 3 училишта.
- Посети на повеќе јазичните училишта од Фаза 2 и набљудување на заедничките активности.
- Подготовка на супервизиски состанок со менторите.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- Обука за конструктивно разрешување конфликти за претставници на стручните служби од модел училиштата и други училишта.
- Обука за реализирање на билингвални мултикултурни работилници со наставници од сите модел училишта.
- Реализирање на средби за поддршка во сите модел училишта.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- Технички прием на реновираниот училишен објект во с.Беровци, општина Прилеп по завршување на градежните активности.
- Организирање на презентација на техничкиот извештај од извршената енергетска контрола на СОУ „Ванчо Прке“ од општина Виница пред претставници на училиштата од општината.
- Испорака на опремата за одржување на училишните објекти и прирачник за нивна употреба во училиштата реновирани во Фаза 3.
- Обука за технички персонал и секретари во училиштата од Фаза 3.
- Документирање на учеството на општините и училиштата во активностите за реновирање.

**Мониторинг и евалуација**

- Мониторинг на активностите реализирани по компоненти.
- Дополнување на извештајот од мониторинг и евалуација на Компонента 3 активностите и финализирање на мониторингот на Компонента 2 активностите.